Australian Government

myagedcare

Macedonian | Македонски



# Вашиот водич за **План за нега на крајот од животот**

Support at Home

ноември 2025

Со исклучок на грбот на Комонвелтот и каде што е поинаку наведено, целиот материјал во овој документ е достапен под лиценцата на Creative Commons Attributions 4.0 International (**CreativeCommons.org/Licenses/By/4.0/**).

Деталите за соодветните услови за лиценцата се достапни на веб-страницата на Creative Commons, преку дадените линкови, каде може да се најде и целосниот правен текст за меѓународната лиценца CC BY 4.0 International **(CreativeCommons.org/Licenses/By/4.0/LegalCode).**

Документот мора да се наведе како публикација на Министерство за здравство, попреченост и стареење (Department of Health, Disability and Ageing).

*Вашиот водич за План за нега на крајот од животот*

## Контактирајте нѐ

Прашања во врска со лиценцата и каква било употреба на овој документ се добредојдени преку имејл на **Communication.AgedCare@health.gov.au**.

Овој материјал можете да го најдете на веб-страницата **MyAgedCare.gov.au**.

Оваа брошура е наменета да ви помогне вам, на вашето семејство или на вашите пријатели да донесете важни одлуки во врска со вашата нега. Таа содржи голем број корисни информации, но вие можеби би сакале повеќе да истражите за да ви помогне да донесете некоја одлука.

Информациите се актуелни од 1 ноември 2025 година.

## Дали оваа брошура е соодветна за вас?

Оваа брошура е наменета за постари лица и нивните семејства, пријатели или негуватели, за да им помогне да го разберат Планот за нега на крајот од животот (End-of-Life Pathway) во програмата „Поддршка во домашни услови“ (Support at Home).

Можете исто така да пристапите до брошури за другите видови поддршка за нега на постари лица наведени подолу на **MyAgedCare.gov.au/Resources**



# Дали оваа брошура е соодветна за вас?



**План за нега на крајот од животот**

Планот за нега на крајот од животот ги поддржува постарите луѓе кои имаат дијагноза дека ќе живеат три месеци или помалку, а кои сакаат да останат дома. Тој е наменет да обезбеди дополнителна нега во домашни услови како дополнување на услугите достапни преку програмите на државите или територииите за палијативна нега. Овој план е дел од програмата Поддршка во домашни услови.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/End-Life-Pathway**.

## Основна нега во домашни услови

Постојана или краткорочна нега и услуги за поддршка преку „Програмата на Комонвелтот за поддршка на постари лица во домашни услови“ (Commonwealth Home Support Program - CHSP). Може да добиете помош со домашни работи, лична нега, оброци и подготовка на храна, превоз, пазарување, придружни здравствени услуги, како што се физиотерапија и социјална поддршка. Можете исто така да побарате планирана краткорочна нега (respite), што ќе му овозможи на вашиот негувател да има одмор.

CHSP ќе стане дел од програмата Поддршка во домашни услови не порано од 1 јули 2027 година. CHSP ќе продолжи за сегашните и новите клиенти со потреби за поддршка од ниско ниво.

## Постојана нега во домашни услови

Програмата Поддршка во домашни услови овозможува пристап до услуги за нега и поддршка, опрема и прилагодување на домот за да им помогне на постарите лица да останат здрави, активни и социјално поврзани со нивната заедница.

Програмата Поддршка во домашни услови обезбедува повисоко ниво на нега за лицата со сложени потреби на кои им е потребна поголема помош за да останат дома.

## Нега во дом за згрижување на постари лица

Лична и медицинска нега во домови за згрижување на постари лица, ако не сте во можност да живеете самостојно во вашиот дом. Ова исто така вклучува и краткорочна нега (respite) со краток престој во дом за згрижување на постари лица.

## План за нега за обновување на самостојноста

„Планот за нега за обновување на самостојноста “(Restorative Care Pathway) е краткорочна програма што се фокусира на придружни здравствени услуги/медицинска нега, како дел од програмата Поддршка во домашни услови. Негата за обновување на самостојноста може да ви помогне да останете самостојни подолго време и да ве поддржи во вршењето на активностите што ги сакате.

# Содржина

| | |
|---|---|
| План за нега на крајот од животот | **4** |
| Финансирање на услуги | **6** |
| Како да побарате пристап до Планот за нега на крајот од животот | **12** |
| Управување со негата во Планот за нега на крајот од животот | **14** |
| Прекин на учеството во Планот за нега на крајот од животот | **15** |
| Дополнителна помош | **19** |

## Подобрување на системот за нега на постари лица во Австралија

Во последните неколку години, австралиската влада спроведе големи промени во негата на постарите лица, како одговор на Кралската комисија за квалитет и безбедност на негата за постари лица (Royal Commission into Aged Care Quality and Safety). Овие сеопфатни реформи донесоа позитивни промени, зголемувајќи ја транспарентноста и подобрувајќи го квалитетот на негата што им се дава на постарите лица во Австралија.

Висококвалитетната нега и поддршка треба да бидат достапни, без разлика дали ќе одлучите да останете дома или да се преселите во дом за згрижување на постари лица.

Законот за нега на постари лица од 2024 година води кон понатамошни подобрувања за постарите лица кои пристапуваат до услуги за нега. Ова вклучува прописи за зајакнување на секторот за нега на постари лица, со цел постарите лица да имаат поголема доверба, контрола и сигурност во услугите за нега што ги добиваат.

# План за нега на крајот од животот

Оваа брошура е за План за нега на крајот од животот. Постарите лица можат да поднесат барање за овој план ако доктор или медицинска сестра поставиле дијагноза дека им преостануваат три месеци или помалку живот и ги исполнуваат соодветните услови.

Тоа вклучува 25.000 долари во текот на 12 недели за покривање на зголемената потреба од услуги за нега на постари лица во домашни услови. Финансиска поддршка е достапна за услуги од листата за Поддршка во домашни услови, во согласност со проценетите потреби на постарото лице. Ова е план за приоритетен пристап.

Планот за нега на крајот од животот е наменет да обезбедат повеќе услуги за нега на постари лица во домашни услови, кои ќе ги надополнат услугите што се добиваат преку програмите за палијативна нега на државите и територииите.



## Исполнување на услови за користење на овој план

Корисникот може да има пристап до една епизода (период) на нега од Планот за нега на крајот од животот преку програмата Поддршка во домашни услови. Постаро лице има право да го користи Планот за нега на крајот од животот ако ги исполнува следниве услови:

- доктор или медицинска сестра проценува дека на лицето му преостануваат три месеци или помалку живот, и
- лицето има резултат од 40 или помалку на модифицираната за австралиски услови Карнофски скала за функционална способност (Karnofsky Performance Status - AKPS) (индикатор на мобилност/слабост).

AKPS е мерка за способноста на поединецот да ги извршува своите секојдневни активности. Тоа е единечен резултат што го одредува доктор врз основа на набљудување на способноста на пациентот да извршува вообичаени работи во врска со активност, работа и грижа за себе. Резултат од 100 на AKPS означува нормални физички способности без докази за болест. Помали бројки покажуваат намалена способност за извршување на секојдневни активности.

Овој план е достапен на постарите лица кои примаат постојани услуги од програмата Поддршка во домашни услови и на нови корисници. Постарото лице, неговиот овластен застапник (registered supporter) или претставник ќе треба да го пополни образецот за План за нега на крајот од животот со помош од неговиот доктор.



# Финансирање на услуги

Планот за нега на крајот од животот обезбедува буџет од 25.000 долари за период од 12 недели за поддршка на зголемената потреба од услуги во последните три месеци од животот.

Постарите лица на кои им се потребни услуги после 12 недели може:

- да продолжат да користат средства од буџетот од 25.000 долари до 16 недели, ако има останато средства
- да ги користат непотрошените средства од „Пакетот за поддршка во домашни услови" (Home Care Package), ако се достапни
- да побараат, во соработка со нивниот давател на услуги, итна Ревизија на планот за поддршка (Support Plan Review) за да преминат на класификација според која ќе добиваат постојани услуги од програмата Поддршка во домашни услови.

Корисникот може да добие одделни финансиски средства за асиситивна технологија (за лицата со ниски и средни потреби од нега) според „Програмата за асистивна технологија и прилагодување на домот" (Assistive Technology and Home Modifications - AT-HM). Прилагодувањето на домот кое биле во тек пред вклучувањето во Планот за нега на крајот од животот исто така може да се доврши.

Корисниците не можат да го користат Планот за нега за обновување на самостојноста (Restorative Care Pathway) ако ги исполнуваат условите за Планот за нега на крајот од животот.

Финансиските средства за Планот за нега на крајот од животот се одделни од секое тековно финансирање или класификација за програмата Поддршка во домашни услови. Постоечките корисници не можат да го задржат неискористениот буџет од овој план, вклучувајќи ако преминат на постојани услуги од програмата Поддршка во домашни услови.

## Придонеси од корисниците

Корисниците ќе треба да плаќаат придонес за трошоците на некои услуги, додека други услуги ќе бидат бесплатни.

Од корисниците ќе се бара да придонесуваат само за услугите што ги добиле. На пример, ако користат превоз, тие ќе придонесат за дел од вкупните трошоци за таа услуга.

Владата целосно ќе ја финансира клиничката нега, како што се нега од медицинска сестра и физиотерапија. Од корисниците нема да се бара да платат придонес за овие услуги.

Висината на придонесот што ќе се бара од корисниците зависи од проценката на нивните приходи и имот од страна на Services Australia. Давателот на услуги може да му помогне на корисникот да ги разбере придонесите. Придонесот исто така зависи од статусот за старосната пензија на корисникот и дали поседува здравствена картичка за постари лица од Комонвелтот (Commonwealth Seniors Health Card - CSHC).

Во оваа табела се прикажани стандардните придонеси во програмата за Поддршка во домашни услови:

<table>
<tr><th></th><th>Клиничка поддршка</th><th>Поддршка за самостојност</th><th>Поддршка во секојдневниот живот</th></tr>
<tr><td>Целосен пензионер</td><td>0%</td><td>5%</td><td>17.5%</td></tr>
<tr><td>Делумен пензионер</td><td>0%</td><td rowspan="2">Делумните пензионери и носителите на CSHC картичка ќе плаќаат помеѓу 5% и 50% врз основа на проценката на нивните приходи и имот. За делумните пензионери ова ќе се базира на нивната проценка на приходи и имот за старосна пензија. Носителите на CSHC картичка ќе подлежат на посебна проценка за користење на услуги од програмата Поддршка во домашни услови.</td><td rowspan="2">Делумните пензионери и носителите на CSHC картичка ќе плаќаат помеѓу 17,5% и 80% врз основа на проценката на нивните приходи и имот. За делумните пензионери ова ќе се базира на нивната проценка на приходи и имот за старосна пензија. Носителите на CSHC картичка ќе подлежат на посебна проценка за користење на услуги од програмата Поддршка во домашни услови.</td></tr>
<tr><td>Самофинансиран пензионер (има право на картичка за здравствена заштита за постари лица од Комонвелтот - CSHC)</td><td>0%</td></tr>
<tr><td>Самофинансиран пензионер (нема право на здравствена картичка за постари лица од Комонвелтот)</td><td>0%</td><td>50%</td><td>80%</td></tr>
</table>

Постојат различни правила за лицата кои примале или им бил одобрен Пакет за поддршка во домашни услови до 12 септември 2024 година. За повеќе информации посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Support-Home-Costs-And-Contributions**.

## Проценка на приходи и имот

Доколку постаро лице веќе има целосна или делумна пензија од Services Australia или Министерството за ветерани (DVA), тие ќе ги користат постоечките податоци за приходите и имотот за да ги утврдат придонесите. Корисникот ќе треба да се осигури дека неговите/нејзините финансиски податоци се ажурирани пред да започне да добива услуги за нега на постари лица.

Доколку не добива пензија или е самофинансиран пензионер, неговите придонеси ќе се утврдат со проценка.

Потврдете дали е потребна проценка на приходи и имот на веб-страницата на Services Australia: **ServicesAustralia.gov.au/Aged-Care-Calculation-Your-Cost-Care**.

Добијте помош за да ја разберете или направите проценката на приходи и имот:

- јавете се бесплатно на Services Australia на **1800 227 475**, од понеделник до петок, од 8 часот наутро до 5 часот попладне
- посетете центар за услуги на Services Australia или закажете бесплатен состанок лице в лице преку интернет за општи информации и поддршка. За подетална поддршка, постарите лица можат да разговараат и со службеник специјалист за нега на постари лица, доколку има таков во близина, или преку видео разговор. Посетете ја веб-страницата **ServicesAustralia.gov.au/My-Aged-Care-Face-To-Face-Services** или јавете се бесплатно на 1800 227 475.

Откако Services Australia ќе ги пресмета придонесите на корисникот, до него и до неговиот давател на услуги ќе биде испратено писмо со придонесите што треба да ги плаќа. Доколку сè уште нема давател на услуги, ќе му/ѝ биде испратено писмо со проценка на приходите и имотот. Оваа проценка важи 120 дена.

Доколку корисникот не избере давател на услуги или не му го даде писмото на давателот во овој рок, ќе треба да направи нова проценка на приходи и имот. Доколку корисникот не добил писмо, може да контактира со Services Australia на **1800 227 475** и да побара информации за статусот на проценката на приходи и имот.

Доколку околностите се променат, корисниците мора да ги известат во Services Australia што е можно поскоро. Нивните придонеси можеби ќе треба да се прилагодат бидејќи тоа може да го промени износот што го плаќаат за трошоците за нега на постари лица.

## Финансиски информации и советување

Добра идеја е да побарате независен финансиски совет пред да одлучите како ќе ги плаќате услугите за нега на постари лица.

Исто така, ако и корисникот и неговиот/нејзиниот партнер имаат потреба од нега на постари лица, начинот на плаќање на едниот може да влијае на трошоците и придонесите на другиот.

За да дознаете повеќе за цените и придонесите за нега на постари лица, јавете се бесплатно на **1800 227 475** за да закажете состанок со службеник специјалист за нега на постари лица во одбрани центри за услуги на Services Australia, ако има таков во вашата област, или со користење на видео разговор.

Постарите лица исто така можат да добијат основни информации за управувањето со финансиите на корисникот од Службата за финансиски информации на Services Australia. Оваа бесплатна услуга може да им помогне да донесат информирани одлуки за инвестициски и финансиски прашања за нивните сегашни и идни потреби.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **ServicesAustralia.gov.au/Financial-Information-Service**.

## За што можат да наплатуваат давателите на услуги

Цените на услуги од програмата Поддршка во домашни услови мора да ги одразуваат трошоците за испорака на услугите, вклучувајќи ги и административните или патните трошоци. Тие цени мора да бидат разумни и оправдани.

На корисниците можат да им се наплатуваат само услугите што ги добиваат и не можат да им се наплатуваат кои било трошоци за клиничка нега или за склучување или раскинување на договор со давателот на услуги.

Давателот мора да може да ги објасни неговите цени за конкретни услуги и да ги наведе во неговиот договор за услуги (service agreement). Ако цените или услугите се променат, корисникот или неговиот застапник за донесување на одлуки мора да се согласи со промената и да потпише нов договор (ако претходно не се согласил).

Ако корисникот или неговиот овластен застапник (registered supporter) не се согласуваат со цената, тие не мора да потпишат договор, но мора да се склучи договор за да се добиваат услуги од програмата Поддршка во домашни услови.

Списокот со препорачани цени за услуги од програмата Поддршка во домашни услови може да помогне да се утврди дали цените на давателот се разумни: **Health.gov.au/Resources/Publications/Summary-Of-Indicative-Support-At-Home-Prices**.

Трошоците на давателот на услуги се исто така достапни на алатката "Најдете давател на услуги" (Find a provider) на веб-страницата на My Aged Care: **MyAgedCare.gov.au/Find-A-Provider**.

Научете повеќе за правата и заштитата на потрошувачите во „Заштита на потрошувачите во програмата Поддршка во домашни услови - информативен лист за корисници “: **Health.gov.au/Resources/Publications/Consumer-Protections-For-Support-At-Home-Prices-Fact-Sheet-For-Participants**.

## Кои услуги се достапни

Корисниците на Планот за нега на крајот од животот можат да користат услуги од листата на услуги од програмата Поддршка во домашни услови, согласно одобрените услуги во нивниот план за поддршка.

Примери за овие услуги може да вклучуваат:

- лична нега, вклучувајќи бањање, користење тоалет или орална нега
- домашна помош, вклучувајќи чистење на домот или подготвување оброци
- нега од медицинска сестра за да му биде удобно на постарото лице.

Во листата на услуги од програмата Поддршка во домашни услови се наведени услугите кои можеби ќе можете да ги добивате врз основа на вашите проценети потреби: **Health.gov.au/Support-At-Home-Service-List**.

Цел на Планот за нега на крајот од животот е да обезбедат услуги за домашна нега на постари лица, што ќе ги дополнуваат услугите достапни со програмите за палијативна нега на државите и територииите. На пример, постаро лице може да добива специјализирана палијативна нега од медицинска сестра преку програма на државата додека средствата од Планот за нега на крајот од животот ќе ги користи за оброци и лична нега, со цел да му се обезбедат удобност и безбедност.

Специјализираната палијативна нега од медицинска сестра не треба да се обезбедува преку планот. Негата на секое постаро лице ќе се обезбедува преку програмите на државите или територииите, при што Планот за нега на крајот од животот ќе ги пополнува празнините во услугите за нега што му се потребни на секое лице.

За да дознаете повеќе за локалната поддршка за палијативна нега, посетете:

- Palliative Care Victoria: **PallCareVic.asn.au/Directory/Services**.
- Palliative Care ACT: **PallCareACT.org.au/Services**.
- Palliative Care NSW: **PalliativeCareNSW.org.au/Health-Professionals/NSW-Directory**.
- Palliative Care NT: **PallCareNT.org.au**.
- Palliative Care Queensland: **PalliativeCareQld.org.au**.
- Palliative Care South Australia: **PalliativeCareSA.org.au/Patient-Families-Resource-List**.
- Palliative Care Tasmania: **PallCareTas.org.au/PalliConnect**.
- Palliative Care WA: **PalliativeCareWA.asn.au**.

Овие веб-страници исто така содржат вредни информации и материјали за негата при крајот на животот, за поддршката за постарите лица и нивните семејства или негуватели, како и за сите правни или владини прашања на кои треба да се обрне внимание.

Ако корисникот е Абориџин и/или Островјанин од Теснецот Торес, препорачуваме да се контактираат локалните групи или организации на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес за поддршката што можат да ја понудат. Тие може да понудат специфични групи за палијативна нега или достапни материјали за да се обезбеди дека постарото лице добива културно соодветна нега на крајот на животот. Групи во државите или териториите исто така можат да помогнат во користењето на културно соодветна нега.

Посетете ја веб-страницата **GwandalanPalliativeCare.com.au/Dillybag-Resources** за специфични материјали и информации за Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес за пристап до културно соодветна нега.

Ако корисникот е од мултикултурно потекло, локалните мултикултурни центри или некои верски или културни групи можат да понудат насоки за пристап до нега што ги задоволува културните или верските потреби.

Веб-страницата на My Aged Care може да им помогне на корисниците и на нивните овластени застапници од различно културно или јазично потекло. За повеќе информации посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Support-People-Culturally-And-Linguistically-Diverse-Backgrounds**.

За повеќе информации за палијативна нега и дополнителни материјали, видете во делот Натамошни информации (Further Information) во оваа брошура.

# Како да побарате пристап до Планот за нега на крајот од животот

Во овој дел се објаснува како корисниците можат да пристапат до Планот за нега на крајот од животот.

За да се избегне доцнење во барањето на нега, препорачуваме да се остави дополнително време за барање на медицинска помош и проценка. Корисниците и нивните овластени застапници исто така може да се обратат до локални служби и даватели на палијативна нега кои можат да им помогнат додека се на План за нега на крајот од животот (ако е применливо).

## За постоечките корисници на програмата Поддршката во домашни услови

1. Постоечките корисници на услуги од програмата Поддршка во домашни услови идеално би требало да соработуваат со нивниот сегашен давател на услуги за нега за да добијат пристап до Планот за нега на крајот од животот. Давателите можат да помогнат со:

- разговор за исполнувањето на условите за планот, вклучувајќи го преземањето на образецот за Планот за нега на крајот од животот
- овозможување пристап до доктор по општа пракса (GP), специјалист или медицинска сестра заради добивање на потребната медицинска документација и пополнување на образецот.

Корисникот или неговиот овластен застапник може од својот давател на услуги за нега на постари лица да побара Ревизија на планот за поддршка (Support Plan Review) со висок приоритет заради пристап до Планот за нега на крајот од животот. Пополнетиот образец за Планот за нега на крајот од животот тие може да го дадат на нивниот сегашен давател кој ќе го приложи како дел од барањето за Ревизија на планот за поддршка, или може да го донесат на проценката.

Или, корисникот или неговиот овластен застапник може да контактира со My Aged Care на **1800 200 422** или да посети службеник специјалист за нега на постари лица (ACSO) во центар за услуги на Services Australia за да побара пристап до План за нега на крајот од животот.

2. Службеник за проценка на потребата од нега за постари лица ќе го разгледа барањето користејќи ги информациите од образецот за План за нега на крајот од животот и сите дополнителни информации.

3. Потоа службеникот за проценка ќе го извести корисникот, неговиот овластен застапник и давателот на услуги дека го одобрил барањето и ќе достави Известување за одлука (Notice of Decision) и нов план за поддршка. Со тоа, на корисникот му е одобрено користење на планот.

Имајте предвид дека, иако е можно да се сменат даватели на услуги заради пристап до План за нега на крајот од животот, тоа обично не се препорачува поради ризикот од доцнење во добивањето услуги.

## За нови корисници на услуги од програмата Поддршка во домашни услови

1. Корисникот или неговиот овластен застапник, дејствувајќи во согласност со корисникот или во негово име (во согласност со прописите на државата или територијата), може да преземе кој било од следниве чекори за да иницира пристап до Планот за нега на крајот од животот:

### Опција 1:

**Да разговара за исполнувањето на условите за планот со неговиот доктор од општа пракса, специјалист кој не е доктор од општа пракса или со медицинска сестра.**

Медицинското здравствено лице тогаш може:

- Да пополни и потпише примерок од образецот за План за нега на крајот од животот и да го прикачи на упатот. Ова ќе активира високоприоритетна проценка на потребата од нега за постари лица.
- Да пополни и потпише отпечатена копија на образецот за План за нега на крајот од животот и да му ја даде на корисникот или неговиот овластен застапник. Корисникот или неговиот овластен застапник ќе треба да се јави на My Aged Care за да побара проценка на потребата од нега за постари лица. Пополнетиот образец може да се предаде при поднесување барање за проценка на потребата од нега за постари лица или при самата проценка.

### Опција 2:

**Направете проценка на потребата од нега за постари лица**

Корисникот или неговиот овластен застапник не треба прво да разговараат со доктор. Тие можат да дадат молба за проценка на потребата од нега за постари лица:

- Со поднесување онлајн барање за проценка на потребата од нега за постари лица преку веб-страницата на My Aged Care на **MyAgedCare.gov.au**.
- Со јавување во My Aged Care на **1800 200 422** или да посетат ACSO службеник во центар за услуги на Services Australia заради барање на проценка на потребата од нега за постари лица за План за нега на крајот од животот.

Службеник за проценка на потребата од нега за постари лица ќе направи проценка на постарото лице и ќе утврди дали ги исполнува условите за да добие План за нега на крајот од животот, вклучувајќи кои услуги му се потребни.

На корисникот му е одобрен План за нега на крајот од животот и му се дава Известување за одлука и план за поддршка. Корисникот сега може да започне да бара давател на услуги.

# Управување со негата во Планот за нега на крајот од животот

Корисниците на План за нега на крајот од животот добиваат координирана поддршка за нега од посветен член на персоналот преку нивниот давател на услуги. Овој член на персоналот е познат како партнер за нега (care partner).

Партнерите за нега можат:

- да им помогнат на корисниците да ја разберат нивната нега и одобрените услуги
- да ги разгледаат плановите за нега и буџетите за услуги
- да комуницираат со работниците и лицата што им нудат поддршка на корисниците за нивните потреби
- да ја следат, проценуваат и приспособуваат негата како што се менуваат потребите
- да им помагаат на корисниците и лицата што им нудат поддршка да донесуваат информирани одлуки.

Партнерите за нега ќе обезбедуваат непречена комуникација помеѓу докторот на корисникот, медицинскиот тим, овластениот застапник и сите служби за палијативна нега во државата или територијата. Тие ќе работат како дел од мултидисциплинарен тим за да осигураат дека услугите на учесниците се комплементарни, координирани и се во нивен најдобар интерес.

Тие исто така ќе помогнат да се подготви план за нега - тоа е документ насочен кон лицето, што ги одредува услугите за корисникот во согласност со неговите потреби и избор. Партнерите за нега ќе информираат во секое време ако планот треба да се промени.

# Прекин на учеството во Планот за нега на крајот од животот

Корисникот или неговите овластени застапници можат во секое време да изберат да го откажат Планот за нега на крајот од животот. Тоа може да се случи:

- ако корисникот не сака или не може да остане дома
- ако медицинските околности на корисникот се променат и услугите од Планот за нега на крајот од животот повеќе не се потребни.

Ако корисникот има потреба од постојани услуги од програмата Поддршка во домашни услови по завршувањето на План за нега на крајот од животот, важи следното:

- Корисниците кои имале постојани услуги од програмата Поддршка во домашни услови пред да започнат да го користат планот ќе бидат префрлени на нивната претходна класификација преку високоприоритетна Ревизија на планот за поддршка. Тоа обично е на барање од давателот на услуги на корисникот.
- Корисниците кои биле нови во програмата Поддршка во домашни услови кога започнале да користата План за нега на крајот од животот, може да имаат високо-приоритетна Ревизија на планот за поддршка и да им биде одобрена трајна класификација за добивање на услуги.

## Кога постаро лице ќе почине

Цел на Планот за нега на крајот од животот е да ги поддржува постарите лица до крајот на нивниот живот, вклучувајќи и ако сакаат да починат во својот дом. Давателите на услуги од Планот за нега на крајот од животот ќе можат да даваат услуги на нега дома за да помогнат во тоа, доколку постарото лице го избере тоа и ако е безбедно. Корисникот може да го користи овој план, заедно со услугите за палијативна нега на државата или територијата.

Кога корисникот на овој план ќе почине, неговото семејство, пријатели или овластените застапници треба да го известат неговиот давател на услуги - идеално во писмена форма. Тогаш давателот ќе ја извести Services Australia.

Партнерот за нега или давателот на услуги може да понуди поддршка или информации за тоа што треба да направат семејството или пријателите на корисникот понатаму. Тие исто така можат да обезбедат материјали или поддршка во тој тежок период.

# Вашите законски права и одговорности

Според Законот за нега на постари лица, вашите права се во центарот на вашата нега. Доколку примате услуги за нега на постари лица, треба да очекувате вашите права да бидат почитувани и желбите да бидат исполнети, без разлика дали живеете самостојно дома или во установа за нега.

### *Изјава за права*

Законот за нега на постари лица вклучува Изјава за права (Statement of Rights).

Изјавата за права ги става вашите права во центарот на вашата нега - за да можете да донесувате одлуки за тоа како и каде живеете, да ги добивате информациите и поддршката што ви се потребни, да ги изразувате вашите желби и да се почитуваат вашата култура и идентитет. Исто така, таа гарантира дека оние околу вас, вклучувајќи го вашето семејство и негуватели, не само што ќе ги прифатат, туку и ќе ги почитуваат вашите избори.

Исто така, имате право да изберете кој сакате да ве поддржува во донесувањето на овие одлуки.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Know-Your-Rights**.

### *Овластени застапници*

Можеби ќе сакате или ќе ви треба поддршка од друго лице за да ви помогне да ги донесувате и комуницирате вашите одлуки. Можете да овластите застапници кои ќе ви помогнат да ги разберете информациите и да ги кажете вашите желби, доколку сакате.

Улогата на новите овластени застапници (registered supporters) ја заменува улогата на сегашните застапници во My Aged Care и ќе се применува во целиот систем за нега на постари лица. Не треба да правите ништо ако сакате вашите постоечки застапници во My Aged Care да продолжат да делуваат како овластени застапници.

За да ги проверите или ажурирате податоците за вашите застапници, или да се откажете од нивната поддршка, посетете ја веб-страницата на My Aged Care или јавете се бесплатно на **1800 200 422**.

За повеќе информации посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Registering-Supporter**.

### *Овластување претставник за проценка на приходи и имот*

Исто така, можете да назначите лице кое може да се распрашува или да дејствува во ваше име кај Services Australia или Министерството за ветерански работи (DVA) во врска со вашата проценка на приходи и имот.

Претставникот тогаш ќе може да добива информации во врска со вашите цени, придонеси и трошоците за сместување, и да ги ажурира вашите лични податоци со Services Australia или со DVA во ваше име.

- За Services Australia, пополнете „Овластување на лице или организација да се распрашува или да дејствува во ваше име (SS313)“ (Authorising a person or organisation to enquire or act on your behalf (SS313) form): **ServicesAustralia.gov.au/ss313**.
- За DVA, пополнете „Барање за назначување претставник за нега на постари лица за корисници на DVA (AC019)“ (Aged Care Request for a nominee for DVA customers (AC019) form): **ServicesAustralia.gov.au/ac019**.

Откако постаро лице ќе почине, Services Australia може да даде информации само на лица кои можат да доставаат соодветни докази за нивното овластување:

- извршителот на тестаментот како што е именуван во истиот
- Јавниот доверител
- суд
- администратор на оставината.

### *Поднесување жалба за нега на постари лица*

Доколку сте загрижени во врска со негата што вие или некој друг ја добива, важно е да разговарате за тоа. Најнапред, треба да разговарате со вашиот давател на услуги. Според новиот Закон за нега на постари лица, сите даватели на услуги се обврзани да имаат систем и процес за справување со жалби.

Доколку изразите загриженост во врска со проблем до вашиот давател на услуги, тој мора да ве сослуша и да одговори брзо и праведно. Ако не го стори тоа, имате право да а се обратите до Комисијата за квалитет и безбедност на негата за постари лица (Aged Care Quality and Safety Commission - Комисијата) без да се плашите од казни.

Комисијата може да ви помогне да го решите вашиот проблем или жалба. Таа исто така може да ви даде информации за тоа како да разговарате директно со вашиот давател на услуги.

Поднесувањето жалба е безбедно и лесно. Можете да изберете да поднесете доверлива или анонимна жалба. Поднесувањето жалба не значи дека сте „проблематични“ – тоа може да помогне во подобрувањето на квалитетот на негата и да им помогне на други луѓе со истиот проблем.

Можете да контактирате со Комисијата на неколку начини:

- Посетете ја веб-страницата: **AgedCareQuality.gov.au/Complaints-Concerns**
- Јавете се бесплатно: **1800 951 822**
- Испратете писмо до: Aged Care Quality and Safety Commission
  GPO Box 9819
  [Вашиот главен град] [Вашата држава/територија]

*Застапување, информации и поддршка*

Австралиската влада тесно соработува со врвни тела и други групи кои ги претставуваат и се залагаат за потребите на постарите лица, вклучувајќи ги на пример: Советот на старешини за нега на постари лица (Aged Care Council of Elders), Советот за стареење (Council on the Ageing - COTA), Националниот советодавен совет за нега на стари лица (National Aged Care Advisory Council) и Мрежата за застапување на постари лица (Older Persons Advocacy Network - OPAN).

Владата го финансира OPAN за да ја спроведува Националната програма за застапување на негата на стари лица (National Aged Care Advocacy Program). Оваа програма обезбедува бесплатни, доверливи и независни информации и поддршка за постари лица кои бараат или добиваат нега финансирана од владата, како и за нивните семејства или застапници.

Застапниците за нега на постари лица на OPAN можат да ви помогнат:

- да ги разберете и остварите вашите права за нега на постари лица
- да најдете услуги за нега на постари лица што ги задоволуваат вашите потреби и
- да решавате проблеми со вашиот давател на услуги за нега на постари лица финансирана од владата.

Доколку имате прашања или проблеми, можете да разговарате со застапник за нега на постари лица со тоа што ќе се јавите на **Линијата за застапување при нега на постари лица (Aged Care Advocacy Line)**. Ќе бидете поврзани со организацијата за застапување при нега на постари лица во вашата држава или територија.

Посетете ја веб-страницата **OPAN.org.au**.



# Дополнителна помош

### Пристап до палијативна нега

Во секоја австралиска држава и територија постои поддршка за постари лица за пристап до палијативна нега.

Palliative Care Australia има детални информации за тоа како да се пристапи до оваа нега, како и голем избор на материјали за негувателите и пациентите.

- Посетете **PalliativeCare.org.au**.
- За да најдете локален давател на услуги на палијативна нега, користете го Национален именик на служби за палијативна нега (National Palliative Care Service Directory) на: **PalliativeCare.org.au/Directory-Of-Services**.

Министерството за здравство, попреченост и стареење (Department of Health, Disability and Ageing) исто така има информации за палијативна нега и материјали за постарите лица да планираат и зборуваат за нивната палијативна нега:

- Посетете **Health.gov.au/Topics/Palliative-Care/About-Palliative-Care**.
- Посетете **Health.gov.au/Topics/Palliative-Care/Planning-Your-Palliative-Care**.

Или, на веб-страницата на My Aged Care има детални информации за планирање на нега при крајот на животот: **MyAgedCare.gov.au/End-Life-Care**.

Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес и нивните семејства можат да ги користат материјалите на Gwandalan Palliative Care за планирање на негата. Посетете **GwandalanPalliativeCare.com.au/Module/Resource-1**.

Процесот на палијативна нега може да биде предизвик и вознемирувачки за сите - за постарите лица, нивните семејства и пријатели, како и за нивните негуватели.

Емоционална поддршка е достапна во текот на овој процес:

- Контактирајте со Lifeline на **13 11 14** или посетете **Lifeline.org.au**.
- Контактирајте со QLife на **1800 184 527** (за ЛГБТК+ лица) или посетете **QLife.org.au**.
- Контактирајте со 13YARN на **13 92 76** (за Абориџини и Островјани од Теснецот Торес) или посетете **13Yarn.org.au**.

## Поддршка за усно и писмено преведување

**За услуги за усно и писмено преведување**, јавете се на:

Службата за писмено и усно преведување (TIS National) – **131 450**, кажете му го на операторот јазикот што го зборувате и замолете го да се јави во на My Aged Care на **1800 200 422**.

**За преведувачки услуги за Абориџини и Островјани од Теснецот Торес**, јавете се на:

My Aged Care – **1800 200 422** и побарајте преведувач.

Погледнете ја листата на достапни јазици: **MyAgedCare.gov.au/Accessible-All**.

**За преведување на знаковен јазик**, јавете се на:

Deaf Connect – **1300 773 803** или со имејл на **Interpreting@DeafConnect.org.au**.

Контактирајте ги однапред за да се осигурате дека ќе има достапен преведувач.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **DeafConnect.org.au**.

**Ако сте глуви, наглуви или имате тешкотии со говорот или комуникацијата, јавете се на:**

Националната служба за посредничка комуникација за лица со оштетен слух или говор (National Relay Service - NRS) со избирање на вашиот претпочитан начин за повик на веб-страницата на NRS. Откако ќе го изберете, побарајте од NRS да се јави на My Aged Care на **1800 200 422**.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **AccessHub.gov.au/About-The-NRS**.

## Поддршка за деменција

Австралиската влада очекува сите даватели на нега на постари лица да нудат услуги што ги задоволуваат потребите на лицата со деменција.

- **„Националната програма за поддршка на лица со деменција“ (National Dementia Support Program - NDSP)** обезбедува широк спектар на услуги за поддршка на лицата кои живеат со деменција, нивните семејства, негувателите и претставниците. Услугите се достапни преку телефон, онлајн и лично низ цела Австралија, и вклучуваат информации, подучување, советување, активности за поддршка, менторство и совети од лица со слично искуство.

  Контактирајте ја Националната телефонска линија за помош со деменција (National Dementia Helpline) на Dementia Australia – со бесплатен повик на **1800 100 500**, 24 часа на ден, 7 дена во неделата.

  За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **Health.gov.au/NDSP**.

- **Советодавната служба за управување со однесувањето при деменција** (**Dementia Behaviour Management Advisory Service** - DBMAS) обезбедува индивидуализирана поддршка за луѓе кога симптомите на однесување и психолошките симптоми на деменција влијаат врз негата или квалитетот на животот на лицето. Обучени советници работат на која било локација или во која било средина за да им даваат поддршка на давателите на услуги и поединците кои се грижат за лица кои живеат со деменција.

  Контактирајте ја Австралиската служба за поддршка во врска со деменција (Dementia Support Australia) – со бесплатен повик на **1800 699 799**, 24 часа на ден, 7 дена во неделата.

  За повеќе информации за DBMAS, посетете ја веб-страницата **Health.gov.au/DBMAS**.

  За повеќе информации за поддршка за деменција, посетете ја веб-страницата: **MyAgedCare.gov.au/Living-Memory-Loss-Dementia-Or-Depression**.

## Социјална поддршка

Доколку се чувствувате осамени или социјално изолирани, можете да побарате волонтер преку Програмата на Aged Care за волонтерски посетители (Aged Care Volunteer Visitors Scheme -ACVVS). Може да поднесе барање секој кој добива услуги преку програмата Поддршка во домашни услови или е во Системот за приоритетно доделување на услуги од програмата Поддршка во домашни услови. Вашиот партнер или давател на услуги за нега може да ви помогне да организирате посетител волонтер.

Поднесете барање за посетител волонтер на **Health.gov.au/Our-Work/Aged-Care-Volunteer-Visitors-Scheme-ACVVS/Request**.

Дознајте повеќе за ACVVS на веб-страницата на Министерството за здравство, попреченост и стареење: **Health.gov.au/ACVVS**.

# Поддршка за лица изложени на ризик од бездомништво или со проблем на прекумерно собирање и чување работи

Поддршка е достапна за лица:

- кои прекумерно собираат и чуваат работи
- кои живеат во запуштени услови
- кои се изложени на ризик од бездомништво
- кои не се во можност да ја добијат потребната поддршка за нега на постари лица.

Поддршката вклучува:

- планирање на нега
- врски до специјалистички услуги за поддршка
- еднократни чистења.

Ако добивате помош преку програмата за наоѓање нега (care finder program) затоа што сте бездомник или сте изложени на ризик од бездомништво, можеби имате право и на услугите од Програма на Комонвелтот за поддршка на постари лица во домашни услови.

Јавете се на My Aged Care – со бесплатен повик на **1800 200 422** или посетете центар за услуги на Services Australia за помош.



# Поддршка за лица со разновидни потреби

Австралиската влада препознава дека нашето општество е разновидно и дека луѓето имаат различни животни искуства.

Достапни се многу програми и услуги за поддршка на лица со разновидни потреби за да пристапат до потребната помош. Во вашата област можеби постојат специјализирани служби кои се наменети специфично за групи со посебни потреби. Дознајте повеќе преку My Aged Care или прашајте го вашиот службеник за проценка на потребата од нега за постари лица.

Давателите на услуги треба да ги земат предвид, почитуваат и поддржуваат специфичните и разновидните потреби при обезбедувањето нега и услуги. Ниеден давател на услуги не треба да дискриминира никого, вклучувајќи:

- Абориџини и Островјани од Теснецот Торес, вклучувајќи ги и преживеаните од генерациите на одземени деца (Stolen Generations)
- ветерани или воени вдовици
- лица од различно културно, етничко и јазично потекло
- финансиски или социјално загрозени лица
- лица кои се бездомни или се изложени на ризик од бездомништво
- родители и деца кои се разделени поради присилно посвојување или одземање
- возрасни жртви на институционално сексуално злоупотребување во детството
- лица кои напуштиле институционална грижа (Care Leavers), вклучувајќи ги „Заборавените Австралијци“ (Forgotten Australians) и поранешните деца мигранти сместени во домови за згрижување надвор од домот
- лица кои се лезбејки, геј, бисексуалци, транс/трансродови, интерсексуалци или со друга сексуална ориентација, или се родово или телесно различни
- лица со попреченост или ментални здравствени проблеми
- невродивергентни лица
- глуви, глувослепи, лица со оштетен вид или лица со оштетен слух
- лица кои живеат во рурални, оддалечени или многу оддалечени подрачја.

## Помош преку Програмата за поддршка во негата на постари лица од домородни заедници

Тимот на „Програмата за поддршка во негата на постари лица од домородните заедници" (Elder Care Support) им помага на постарите Абориџини и Островјани од Теснецот Торес, како и на нивните семејства и негуватели да пристапат до услуги за нега на постари лица за да ги задоволат нивните физички и културни потреби. Оваа програма ја спроведува Националната здравствена организација контролирана од абориџинската заедница (National Aboriginal Community Controlled Health Organisation) преку своите партнерски организации низ целата земја.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Elder-Care-Support-Program**.

## Помош од советник за пристап до нега

Советниците за пристап до нега (care finders) им помагаат на постарите лица на кои им е потребна интензивна помош да пристапат до услуги за нега на постари лица и друга поддршка во заедницата. Оваа услуга е бесплатна за ранливи лица кои немаат никој друг што може да им помогне. Тоа ги вклучува лицата кои:

- имаат тешкотии во комуникацијата поради когнитивни проблеми или проблеми со писменоста
- тешко може да разберат информации
- не сакаат да се обратат за нега за постари лица или владини услуги
- или би биле во небезбедна ситуација ако не добијат услуги.

Посетете ја веб-страницата на My Aged Care за да видите список на советници за пристап до нега во вашата област.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Help-Care-Finder**.

## Федерација на советите на етничките заедници во Австралија

Федерацијата на советите на етничките заедници на Австралија (Federation of Ethnic Communities' Councils Australia - FECCA) е национална водечка организација која ги претставува Австралијците од различно културно и јазично потекло. FECCA работи за да обезбеди никој да не биде запоставен поради културни или јазични бариери.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **FECCA.org.au**.

## Партнери за културно соодветна нега

Партнери за културно соодветна нега (Partners in Culturally Appropriate Care - PICAC) се организации на ниво на држави и територии кои им помагаат на постарите лица од различно културно и јазично потекло и на нивните семејства да донесуваат информирани одлуки за нивните потреби за нега на постари лица.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **PICACAlliance.org**.

## Ставање крај на злоупотребата и малтретирањето на постарите лица

Злоупотребата на постари лица никогаш не е прифатлива. Злоупотребата може да биде физичка, сексуална, психолошка или емоционална, финансиска или занемарување. Таа предизвикува повреди, вознемиреност и губење на достоинството и почитта. Злоупотребата и малтретирањето на постарите лица преставува прекршување на човековите права.

Ако некој корисник доживува малтретирање или познава некој кој може да е малтретиран, на располагање се помош и поддршка.

Разговарајте со некој на кого му верувате за информации или совети:

- Бесплатен повик на 1800ELDERHelp или **1800 353 374**.
- Посетете **Compass.info** за да дознаете повеќе.
- Во итни случаи јавете се на **000**.

## Поддршка за негувателите

Carer Gateway обезбедува лични, телефонски и онлајн услуги и поддршка на национално ниво за да им помогне на негувателите во нивната улога.

- Бесплатни повици на **1800 422 737**, во работните денови меѓу 8 часот наутро и 5 часот попладне, и изберете ја опцијата 1 за да разговарате со локалниот давател на услуги на Carer Gateway.
- Посетете ја веб-страницата **CarerGateway.gov.au** за информации, совети и материјали.
- Посетете ја веб-страницата на My Aged Care на **MyAgedCare.gov.au/For-Carers** за повеќе материјали услуги и групи за поддршка.



# Забелешки

# Забелешки

myagedcare

**MyAgedCare.gov.au**
**1800 200 422**

DT0004907-1025

Сите информации во оваа публикација се точни од 1 ноември 2025 година.